## База на податоци - модул за борба против трговија со луѓе

Во 2000, Меѓународната Организација за Миграции (ИОМ) создаде и започна со имплементација на стандардизирана алатка за менаџирање на податоци за борба против трговија со луѓе, наречена Модул за борба против трговија со луѓе, која всушност претставува најголема глобална база која примарно содржи податоци за жртви на трговија со луѓе.

Оваа база на податоци го олеснува менаџирањето на целокупниот процес на ИОМ на пружање на директна помош, враќање и реинтеграција на жртвата преку централизиран систем, во исто време бележејќи ги искуствата на жртвата. Ваквата база на податоци ги зајакнува истражувачките капацитети и овозможува согледување на причините, процесите, трендовите и последиците од трговијата со луѓе. Истата служи како банка на знаења од која можат да се изготвуваат статистики и детални извештаи, да се црпат податоци за истражувања, да се развиваат програми и да се креираат стратегии за борба против трговијата со луѓе.

Во сите погоре споменати случаи максимално се почитува, без да се прават било какви компромиси, тајноста на податоците за идентитетот на жртвите: воспоставени се строги контроли наменети за зачувување на доверливоста на податоците.

За подетални информации можете да не контактирате на CTS-db@iom.int

### *Трговија со луѓе значи:*

*"регрутирање, транспорт, трансфер, прифаќање или примање на лица, со примена на средства како што се закана, употреба на сила, или други форми на принуда, киднапирање, измама, злоупотреба на моќ или состојба на немоќ, или пак примање или давање на парични средства. . . на лице/а кое има контрола над друго лице, со цел нивна експлоатација."*

**(Член 3 од Протоколот на ОН за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, дополнение на Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал)**

ИОМ смета дека секоја жртва е единствена, и има различни, специфични потреби за помош. Исто така, природата на трговијата со луѓе е различна во различни делови од светот, таа постојано се менува, што воедно изискува и разноликост и во одговорите на истата. Заради сето тоа, овој прирачник не е подготвен со цел да понуди единствена методологија на давање на помош на жртвите на трговија со луѓе, туку за да даде предлози и упатства, засновани на повеќегодишното искуство на ИОМ. ИОМ се надева дека овој прирачник ќе им биде од помош на сите организации кои пружаат помош на жртви на трговија со луѓе, а особено на оние организации кои штотуку започнуваат да развиваат програми за помош на жртви и кои би можеле многу да научат од искуствата на ИОМ.




Овој прирачник обезбедува упатства и совети потребни за ефективно пружање на целосна помош на жртвите на трговија со луѓе, почнувајќи од првичниот контакт и проценка па се до ефективна социјална реинтеграција на засегнатите поединци.

За копии од оваа публикација можете да не контактирате на следната адреса а подетални информации се достапни и на www.iom.int

Меѓународна оранизација за миграции IOM

17, Route des Morillons
CH-1211 Geneva 19 - Switzerland
Tel: +41/22/717 9111 Fax: +41/22/798 6150
E-mail: CTSA@iom.int

Меѓународна организација за миграции

# Трговија со луѓе: одговорот на IOM.

## Пристапот на ИОМ

ИОМ применува сеопфатен пристап кон трговијата со луѓе во рамките на поширокиот контекст на менаџирање на миграциите. ИОМ има развиено широк спектар на активности кои ги имплементира во партнерство со владините иституции, невладините организации и меѓународните организации. Пристапот се заснова на три основни принципи носечки за сите активности за борба против трговија со луѓе:

- Почитување на човековите права
- Физичка, ментална и социјална добросостојба на поединецот и неговото окружување
- Одржливост, преку градење на институционални капацитети на владите и граѓанското општество

Иако е тешко да се одреди глобалната стапка на трговијата со луѓе, се смета дека годишно околу 800,000 луѓе се тргувани преку границите на својата земја, но бројката е секако многу поголема ако се земат во предвид и оние кои се тргувани внатре - во границите на една држава.

Организираните криминални групи заработуваат милијарди долари од профитот кој го остваруваат со тргувањето и експлоатирањето на жртвите, кои доста често се изложени на грубо прекршување на нивните човекови права.

Најчести злоупотреби на кои жртвите се изложени се: силување, измачувања, должничко ропство, незаконско ограничување на движењето, закани по семејствата или други ним блиски лица како и други форми на физичко, сексуално и психичко насилство.

Побарувачката на ефтина работна сила, сексуални услуги и одредени криминални активности се изворните причини за трговијата со луѓе. Недостатокот на можности и средства, како и недостатокот на социјална моќ се исто така фактори кои придонесуваат трговијата со луѓе да се случува.

ИОМ спроведува како квантитативни така и квалитативни истражувања во областа на трговијата со луѓе со цел подобро да биде информирана во својата работа а и за да ги информира и другите. Полиња кои се од особен интерес за ИОМ се: рутите и трендовите во трговијата со луѓе, причините и последиците од трговијата со луѓе како за жртвата така и за целокупната заедница, како и структурите, мотивациите и начините на оперирање на организираните криминални групи. И додека голем дел од овие активности се случуваат на национално ниво, ИОМ интензивно собира и анализира податоци за трговијата со луѓе на регионално ниво со цел да допринесе за подобра соработката помеѓу државите во борбата против меѓународната трговија со луѓе. Организацијата исто така има спроведено доста истражувања од областа на законодавството и креирање на политиката.

НАШАТА ВИЗИЈА

### Нашата визија

Да се бориме против експлоатација на мигранти во сите нејзини форми, а особено против грубите прекршувања на човековите права на кои се изложени жртвите на трговија со луѓе. Поаѓајќи од нашата лична заложба и посветеност и користејќи го нашето глобално присуство, ги зајакнуваме капацитетите на нашите партнери од владината и граѓанската сфера и поставуваме оперативни стандарди за постигнување на одржливи резултати кои :

- ќе обезбедат заштита и поддршка на жртвите на трговија со луѓе;
- ќе ја подигнат свеста и сфаќањето за феноменот на трговија со луѓе и
- ќе им овозможат правда на жртвите на трговија со луѓе.

Меѓународната организација за миграции (ИОМ) е активно вклучена во борбата против трговијата со луѓе од 1994та година. Од тогаш па до денесима имплементирано скоро 500 проекти во 85 земји и има обезбедено помош на приближно 15,000 тргувани лица.  Примарните цели на ИОМ се да се спречи трговијата со луѓе и да се заштитат жртвите нудејќи им опции за безбедна и одржлива реинтеграција и/или враќање во нивните матични земји.



● Региони каде IOM во моментов имплементира проекти за борба против трговијата со луѓе

Како и секаде, и тука превенцијата е поефективна од лекувањето, па ИОМ спроведува информативни кампањи и во матичните земји и во земјите - крајни дестинции на жртвите со цел да ја едуцира јавноста за трговијата со луѓе, охрабрувајќи ја да пријавува сомнителни случаи и во исто време се обидува да ги сподели со ранливите групи информациите кои се суштински за успешна заштита од методите на регрутирање кои ги применуваат трговците со луѓе. Употребата на масовните медиуми овозможува информациите брзо да стигнат до широката популација, но ИОМ исто така користи и мали "медиуми" како што се локални театри, постери, интерперсонални методи на комуникација со цел да им се обрати на целните групи со率 пософистицирани пораки.




Активностите на техничка соработка на ИОМ ги градат капацитетите и на владините и на невладините институции за да истите поуспешно одговорат на предизвиците кои ги наметнува трговијата со луѓе. Ова вклучува обуки на невладините организации и претставници на владините институции, како што е полицијата, техничка помош во развојот на законската рамка, политиките и процедурите кои се однесуваат на прашањето на трговијата со луѓе како и надградување на постоечките механизми за борба против трговијата со луѓе.

ИОМ нуди директна помош на жртвите на трговија со луѓе во соработка со своите партнери. Овде спаѓа сместување на сигурни места, медицинска и психолошка поддршка, развивање на вештини и обуки за стручно насочување, помош при реинтеграција како и опција за доброволно, безбедно и достоинствено враќање во матичните земји или пак преселување во трети земји во исклучителни случаи. ИОМ проценува дека околу една третина од тргуваните лица се малолетници и се придржува до специфичните процедури за нудење на специјализирана заштита на оваа најранлива група на жртви. Сите активности на ИОМ за борба против трговијата со луѓе се развиваат и имплементираат според пристапот во кој централна важност и се дава на добросостојбата на жртвата на трговија со луѓе.

